UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО | UNIVERSITY OF TETOVA

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БИЗНИС-АДМИНИСТРАЦИЈА-КУМАНОВО

**Куманово, 2021 година**

# СОДРЖИНА

1. ЦЕЛ НА ЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 3
2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ ..... 4
2.1. Историја ..... 4
2.2. Стратегиски план ..... 5
3. СТРУКТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ ..... 6
3.1. Органограм ..... 6
4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ ..... 7
4.1. Структура на наставниот кадар ..... 7
5. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ ..... 8
5.1. Структура на студенти на додипломски студии ..... 8
5.2. Структура на студенти на магистерски студии ..... 9
6. НАУЧНА ДЕЈНОСТ И УЧЕСТВОТО ВО ПРОЕКТИ ..... 11
7. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ЧАСОВИ ..... 13
7.1. Анкетирање на студенти ..... 13
8. ПРОСТОРИИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ ..... 15
9. SWOT АНАЛИЗА ..... 17
10. ЗАКЛУЧОК ..... 19



Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

# 1. ЦЕЛ НА ЕВАЛУАЦИЈАТА

Главната цел на процесот на внатрешна евалуација е да се оцени квалитетот на наставно-научниот процес врз основа на најважните компоненти, како што се: студиските програми, наставно-научниот кадар, наставно-научната дејност, студентите, материјалните и просторните ресурси, како и детекцијата на силните и слабите страни во наставниот процес, со цел тие да се подобрат или развијат. Процесот на евалуација е основа за утврдување на позицијата на Факултетот за бизнис-администрација во општиот образовен систем и преку овој процес се настојува да се зголеми неговата конкурентност и ефикасност, како и на студентите да им се нудат студиски програми компатибилни со програмите на сродните факултети во регионот и пошироко.

Извештајот за самоевалуација на Факултетот за бизнис-администрација во Куманово ги вклучува следните компоненти:

- Опис на факултетот (историја);
- Структура на факултетот;
- Наставна дејност;
- Структура на наставно-научниот кадар;
- Структура на студентите на додипломските студии;
- Нучната дејност и учеството во проекти;
- Резултати од евалуација на наставните часови;
- SWOT анализа и заклучок.

# 2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

## 2.1. Историја

Универзитетот во Тетово во континуитет бележи големи достигнувања во сите правци на наставно-научната дејност. Денес тој е високо ценета јавна високообразовна и научна институција на национално, регионално и меѓународно ниво, привлекувајќи ги најдобрите наставници од земјата и регионот, најеминентните фигури на албанското образование, наука и култура воопшто, со инфраструктура и високо ниво на квалитет на наставата, како и со предности во однос на конкуренцијата.

Факултетот за бизнис-администрација во Куманово, како дел од Универзитетот во Тетово е основан на 22.11.2008 година, како иницијатива на албанските интелектуалци, аполитичките здруженија и љубителите на високото образование во земјата и пошироко.

- Денес нашите предности се во инфраструктурата која ја сочинуваат сали, лаборатории, амфитеатри и современи студиски програми, во согласност со барањата на пазарот и квалификуваниот академски кадар кој се служи со најсовремената литература.

Факултетот за бизнис-администрација во Куманово во моментот е организиран во 2 студиски програми:

### *Прв циклус:*

- Бизнис-администрација (240 ЕКТС)
- Јавна администрација (240 ЕКТС)

### *Втор циклус:*

- Бизнис-администрација (60 ЕКТС)
- Јавна администрација (60 ЕКТС)

Горенаведените студиски програми се организирани според најсовремените стандарди, како што се Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) организирани со акредитација (4 + 1).

## 2.2. Стратегиски план

Стратегискиот план претставува структура која опфаќа низа активности кои планираат да се преземаат на среден и на долг рок, во согласност со визијата, перспективите и мисијата на Факултетот, во насока на реализирање на целите на нашата институција. Оваа структура на активности во кратки точки е прикажана во следниот редослед:

- Спроведување на студиските програми во согласност со Законот за високо образование и барањата на пазарот на трудот врз основа на соработката со бизнис-заедницата;
- Максимална грижа во унапредување и усовршување на академскиот кадар со цел зголемување на квалитетот на наставата и нивното вклучување во научни истражувања преку различни проекти и објавување на квалитетни трудови во престижни списанија рангирани на меѓународно ниво;
- Давање соодветен придонес во детекцијата и давањето предлог-решенија за потенцијални економски проблеми преку учествување во различни дебати. Овие активности се планирани да се реализираат преку семинари, научни и стручни дебати, национални и меѓународни конференции и слични активности;
- Стимулација преку мотивација и негување на академските, наставните и научните достигнувања на кадарот и студентите;
- Зголемување на нивото на информираност на студентите, на академскиот и административниот кадар, преку имплементација на ERP системите, зајакнување на соработката со студентите и бизнисот преку Центарот за кариера и зголемување на можностите за вклучување на студентите на пазарот на трудот;


Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

- Континуирано оценување на наставниот процес, реализација на наставните планови и цели на студиските програми;
- Поддршка за мобилност на успешните и истакнатите студенти во согласност со правилата кои ги предвидува Болоњскиот систем применет во наставниот процес во нашата институција и можности за нивно вработување.

Факултетот за бизнис-администрација преку студиските програми што ги нуди има  цел да ги постигне следните цели:

- Подготовка на студентите за градење кариера во јавниот, невладиниот и приватниот сектор;
- Развој на менаџерските компетенции и вештини во јавните и истражувачките институции, анализа на јавните политики, управување со човечките ресурси и непрофитните организациии и слични цели.

# 3. СТРУКТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ

## 3.1. Органограм

Факултетот за бизнис-администрација во Куманово својата дејност ја базира на Законот за високо образование на Република Северна Македонија.

Управувачката структура на Факултетот ја сочинуваат:

- наставно-наученен совет, во чиј состав се избрани наставен кадар со наставно-научни звања и претставници на студентите;
- декан;
- продекани;
- секретар;
- раководители на организациони единици;

- администрацијата, и
- техничка служба.

Со Наставно-научниот совет раководи деканот, додека сите одлуки на Факултетот се донесуваат од страна на Наставно-научниот совет со мнозиство гласови, вклучувајќи го и тајното гласање за декан и продекани, комисијата за евалуација и сл. Студентите имаат свој претставник во Наставно-научниот совет кој се бира од Студентскиот парламент на Факултетот.

Табела. 1 Органограм на Факултетот за бизнис-администрација

| **Наставно-научен совет** | |
|---|---|
| Декан | |
| Продекан за настава | Продекан за наука |
| Секретар | |
| Наставници | Студенти |
| Администрација | Техничка служба |

# 4. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

## 4.1. Структура на наставниот кадар

На Факултетот за бизнис-администрација во Куманово наставниот процес во академската 2016/2017 година е реализиран од вкупно 5 редовни и вонредни наставници. Процесот на избор и реизбор на кадри на Факултетот за бизнис администрација во Куманово се спроведува во согласност со критериумите на Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Статутот на Универзитетот во Тетово.



Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

Табела 2. Сруктура на наставници според научни и наставно-научни звања и родова структура во ФБА-Куманово

| **БР.** | **ЗВАЊЕ** | **Статус на работење** | | **Род** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовни | Со договор | М | Ж |
| 1. | РЕДОВЕН | 2 | / | 2 | / |
| 2. | ВОНРЕДЕН | 1 | / | 1 | / |
| 3. | ДОЦЕНТ | 2 | 1 | 1 | / |
| 4. | АСИСТЕНТ | / | 17 | 12 | 5 |
| 5. | ДЕМОСТРАТОР | / | 1 | / | 1 |

# 5. СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ

## 5.1.Структура на студенти на додипломски студии

Врз основа на уписот на студенти по одделни категории во академската 2016/2017 година, на насоката Бизнис-администрација се запишани вкупно 63 студенти, од кои 51 редовни студенти и 12 вонредни. Родовата структура се состои од 33 мажи и 30 жени.

Во академската 2017/2018 година се запишани вкупно 43 студенти, од кои 31 редовни студенти и 12 вондредни. Родовата структура се состои од 21 мажи и 22 жени.

Во академската 2018/2019 година се запишани вкупно 59 студенти, од кои 43 редовни студенти и 16 вондредни. Родовата структура се состои од 42 мажи и 17 жени.

Табела 3. Структура на студенти според статус и род во студиската програма Бизнис-администрација

| **Академска година** | **М** | **Ж** | **Редовни** | **Вонредни** | **Број на запишани студенти** | **Дипломирани студенти** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016-2017 | 33 | 30 | 51 | 12 | 63 | 91 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017-2018 | 21 | 22 | 31 | 12 | 43 | 37 |
| 2018-2019 | 42 | 17 | 43 | 16 | 59 | 54 |

Врз основа на уписот на студенти по одделни категории, во академската 2016/2017 година, на насоката Јавна администрација се запишани вкупно 63 студенти, од кои 54 редовни студенти и 9 вонредни. Родовата структура се состои од 35 мажи и 28 жени.

Во академската 2017/2018 година се запишани вкупно 31 студенти, од кои 22 редовни студенти и 9 вонредни. Родовата структура се состови од 13 мажи и 18 жени.

Во академската 2018/2019 година се запишани вкупно 35 студенти, од кои 32 редовни студенти и 3 вондредни. Родовата структура се состои од 13 мажи и 22 жени.

Табела 4. Структура на студенти според статус и род на студиската програма Јавна администрација

| Академска година | М | Ж | Редовни | Вонредни | Број на запишани студенти | Дипломирани студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016-2017 | 35 | 28 | 54 | 9 | 63 | 6 |
| 2017-2018 | 13 | 18 | 22 | 9 | 31 | 1 |
| 2018-2019 | 13 | 22 | 32 | 3 | 35 | 2 |

## 5.2.Структура на студенти на магистерски студии

Во академската 2016/2017 година на магистерските студии се запишани вкупно 8 студенти од земјата и 1 студент со странско државјанство, од кои 5 на насоката Бизнис-администрација (3+2), 1 на насоката Јавна администрација (3+2), 2 студенти на насоката Бизнис-администрација (4+1) и еден студент со странско државјансто на насоката Биснис-администрација (4+1).

Табела 5. Број на студенти на втор циклус студии по студиски програми за академската 2016/2017 година

| Редовен број | Студиска програма | Насока | Редовни | Странски државјани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3+2 | БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА | 5 | / | 5 |
| 2 | 3+2 | ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | 1 | / | 1 |
| 3 | 4+1 | БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА | 2 | 1 | 3 |
| | | | **8** | **1** | **9** |

Во академската 2017/2018 година на магистерските студии се запишани вкупно 4 студенти од земјата и 1 студент со странско државјанство, од кои 3 на насоката Бизнис-администрација (3+2), 1 студент на насоката Бизнис-администрација (4+1) и еден студент со странско државјанство (4+1) на насоката Бизнис-администрација.

Табела 6. Број на студенти на втор цикулс студии по студиски програми за академската 2017/2018 година

| Редовен број | Студиска програма | Насока | Редовни | Странски државјани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3+2 | БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА | 3 | / | 3 |
| 2 | 3+2 | ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | / | / | / |
| 3 | 4+1 | БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА | 1 | 1 | 2 |
| | | | 4 | 1 | 5 |

Во академската 2018/2019 година на магистерските студии се запишани вкупно 6 студенти од земјата, 3 на насоката Бизнис-администрација (3+2), 3 студенти на насоката Бизнис-администрација (4+1) и еден студент со странско државјансто ( 4+1) на насоката Бизнис-администрација.

Табела 7. Број на студенти на втор цикулс студии по студиски програми за академската 2018/2019 година

| Редовен број | Студиска програма | Насока | Редовни | Странски државјани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3+2 | БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈ | 3 | / | 3 |



Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | А | | | |
| 2 | 3+2 | ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | / | / | / |
| 3 | 4+1 | БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА | 3 | 1 | 4 |
| | | | **6** | **1** | **7** |

## 6. НАУЧНА ДЕЈНОСТ И УЧЕСТВОТО ВО ПРОЕКТИ

Со цел развојот на истражувачките активности, Факултетот за бизнис администрација во соработка со Економскиот факултет во рамките на Универзитетот во Тетово, организираат научни конференции со уреднички одбор составен од професори од земјата и професори од универзитети со кои нашиот универзитет има меѓусебна соработка. Покрај овие активности, во рамките на Факултетот се издава научното списание „Економска визија“ со борд во чиј состав се домашни и странски професори. Континуираното и активното ангажирање како учесници и организатори на конференции и тркалезни маси на вработениот кадар во Факултетот резултираше со успешни презентации на научните достигнувања, како и планирање на идни соработки во научноистражувачкато поле со други универзитети. Исто така, преку организирањето на конференции се овозможува размена на кадри на Факултетот за бизнис-администрација со други факултети, особено за студиските циклуси од прво и од второ ниво.

На 02.12.2016 година, Факултетот за бизнис-администрација во соработка со Економскиот факултет организираа низа научни конференции меѓу кои би ги наброиле: четвртата научна конференција на тема „Економските ефекти од миграциските процеси во Западен Балкан“; на 01.12.2017 година, петтата научна конференција на тема: „Предизвиците на водење бизнис во современиот свет“; на 19-20.11.2018, 6-тата научна конференција на тема „Економскиот развој како предуслов за интеграција во ЕУ“ и на 13-15.11.2019 година седмата научна конференција на тема


Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

„Современите економски трендови“. На сите горенаведени конференции учествувале голем број професори и научници од земјата, регионот и пошироко.

Табела 7. Научни списанија објавени од ФБА во текот на акдемските години: 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 (ISSN: 1857-9566 Print; ISSN: 2545-4544 (Online)

| **ИМЕ НА СПИСАНИЕ** | **ТОМ, ГОДИНА** |
|---|---|
| ECONOMIC VISION<br>International Scientific Journal in Economics, Finance, Business, Marketing, Management and Tourism | ( Vol.4.No.7&8 pp.1-205) 2017 |
| ECONOMIC VISION<br>International Scientific Journal in Economics,Finance,Business, Marketing, Management and Tourism | ( Vol.5.No.9&10 pp.1-181) 2018 |
| ECONOMIC VISION<br>International Scientific Journal in Economics,Finance,Business,Marketing, Management and Tourism | ( Vol.6.No.11&12 pp. 1-200 ) 2019 |

Во 2017 година во рамките на Факултетот за бизнис-админисрација и Економскиот факултет се објавени том 4-ти и броевите 7-8 на научното списание “Economic Vision” со 21 науен труд, во 2018 година том 5-ти и броевите 9-10 со 20 научни трудови и во 2019 година том 6-ти и броевите11-12 со 21 научни трудови.


Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

Слика 1. Научни трудови објавени во научното списание “Economic Vision” според автори




Во изданието за 2017 година во научното списание „Economic Vision“ свои трудови објавиле 15 домашни и 6 странски автори; во изданието за 2018 година свои трудови објавиле 17 домашни и 3 странски автори додека во изданието за 2019 година свои трудови објавиле 18 домашни и 3 странски автори.

Во академските 2016/17, 2017/18 и 2018/2019 години, академскиот кадар на Факултетот за бизнис-администрација има објавено околу 35 научни трудови во меѓународни научни списанија.

# 7. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ЧАСОВИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

## 7.1. Анкетирање на студентите

Во текот на 2016 година на студиските програми на Факултетот за бизнис-администрација беше извршена евалуација на наставните часови при што беа пополнети вкупно 120 прашалници од стана на студентите.

Од добиените резултати, околу 92% од одговорите посочуваат дека предавањата почнуваат точно според службениот распоред и околу 85% покажуваат дека

наставните часови завршуваат во предвидениот распоред. Најголем процент од студентите кои изјавуваат дека предавањата почнуваат и завршуваат според предвидениот распоред, се од студиската програма Бизнис-администрација и Јавна администрација.

Околу 76% од студентите на Факултетот за бизнис-администрација наведуваат дека за време на предавањата направиле пауза од 10 до 15 минути.

За спроведување на предавањата во Факултетот за бизнис-администрација се користат разни уреди за презентација. Студентите изјавуваат (околу 50%) дека во текот на предавањата наставниците користат power point презентаци, околу 30% од студентите изјавуваат дека наставниците ја изведуваат наставата со пишување на табла и ококу 10% изјавуваат дека во текот на предавањата наставниците не се служат со ниеден уред за презентација за изведување на предавањата. Најголемиот процент од студентите кои изјавуваат дека наставниците користат power-point презентации со најголем процент (55%) се студентите од студиската програма Бизнис-администрација и околу 45% се студентите од студиската програма Јавна администрација.

## *Реализирање на предавањата*

Студентите го оценуваа реализирањето на часот за определени предмети преку седум индикатори. Тие дале позитивни оценки во однос на реализирањето на часот во текот на предавањата за сите наведени прашања.

Позитивни оценки дале за сигурноста, убедливоста и концизноста на наставниците во текот на предавањата. Трите карактеристики на наставниците се вреднувани како доминантно позитивни во сите студиски програми на Факултетот за бизнис-администрација (табела 8).

Табела.8 Просек на индикатори за реализирање на предавањата

| | **Темата во согласност со предавањата** | **Јасни предавања** | **Сигурност на предавачот** | **Убедливост на предавачот** |
|---|---|---|---|---|
| | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) | Просек (N) |
| Бизнис админстрација | 4.12 (70) | 4.31 (70) | 4.43 (70) | 4.31 (70) |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јавна администрација | 3.84 (50) | 4.36 (50) | 4.57 (50) | 4.46 (50) |

***Содржината на предавањето/презентацијата*** беше оценета преку 14 тврдења, во кои беа одговорени пет можни опции, од воопшто не се согласувам (1) до потполно се согласувам (5). Студентите изјавиле дека материјалот презентиран во текот на предавањето е во согласност со темата презентирана на почетокот на часот (М=4.12) и (М=3.84); наставниците прашувале за можни нејаснотии (М=4.31) и (М=4.36); во однос на индикаторот сигурност на предавачот одговорите се (М=4.42) и (М=4.57); во однос на индикаторот „убедливоста на предавачот" одговорите се (М=4.31) и ( М=4.46) и студентите  точно знаеле на што треба да се фокусираат за да се подготват за конкретна тема (М=4.43). Потпросечно оценување е дадено за индикаторот „доволна ориентација за дополнителни извори" (М=2.75%), како и „поврзаноста на презентираната содржина со содржината на други предмети" (М=2.64%).

# 8. ПРОСТОРИИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

Факултетот за бизнис-администрација располага со простории од вкупна површина од 486,98м2. Овие простории опфаќат амфитеатри со површина од 700 м2, каде што се реализираат предавањата и вежбите на студентите. Предавалните каде што се одржуваат предавањата и вежбите се со површина од 747м2. Покрај наведените простории, Факултетот за бизнис-администрација располага и со 18 кабинети со површина од 262м2, административен простор со површина од 257м2 и компјутерски училници со површина од 85м2.

Во иднина се планира преземање на дополнителни мерки и активности за обезбедување оптимални услови и создавање соодветен амбиент за реализација на наставно-научната дејност и исполнување на стандардите за квалитет во рамките на Факултетот за бизнис-администрација.

Табела 9. Простории и опрема  во рамките на Факултетот за бизнис-администрација за реализација на наставно-научниот процес

| | **Простории** | **Единици** | **$m^2$** |
|---|---|---|---|
| **1** | Предавални | 12 | 747 м2 |
| **2** | Амфитеатри | 7 | 700м2 |
| **3** | Кабинети | 18 | 262м2 |
| **4** | Административен простор | 8 | 257 м2 |
| **5** | Компјутерски училници | 1 | 85м2 |
| **Вкупно** | | | **2051м2** |
| | **Опрема** | **Единици** | |
| **1** | Cisco 16 port 10/100 Switch | 2 | |
| **2** | ADSL Router/4 port switch | 1 | |
| **3** | Wireless router/4 port switch | 1 | |
| **4** | Switch 10/100 | 7 | |
| **5** | Patch panel | 1 | |
| **6** | Rack | 1 | |
| **7** | Modem telelabs 512 | 1 | |
| **8** | Лаптопи | 5 | |
| **9** | PC десктопи | 30 | |
| **10** | Печатачи | 5 | |
| **11** | Smart board | 1 | |
| **12** | Проектори | 6 | |
| **13** | Fax | 1 | |
| **14** | Електронски уреди за евиденција на вработените | 1 | |
| **15** | License Win Xp pro Laptop | 5 | |
| **Вкупно** | | **68** | |


Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

## 9. SWOT АНАЛИЗА

SWOT анализата како основен модел на стратешкото планирање претставува рамка за идентификување и анализирање на јаките и слабите страни, како и на можностите и заканите кои влијаат на успешното функционирање на Факултетот за бизнис-администрација. Како најважни позитивни одлуки кои произлегуваат од SWOT анализата би ги издвоиле следните:

- ✓ расположливи веродостојни статистики;
- ✓ јасни процедури за заверка на семестри;
- ✓ постојан развој на стурктурите на Факултетот;
- ✓ промена на студиските програми во согласност со промените во светските трендови;
- ✓ соодветна инфраструктура и позитивна и кооперативна клима;
- ✓ квалитетни академски програми и квалитетни студентски услуги;
- ✓ сигурност, убедливост и јасност на наставниците во текот на предавањата;
- ✓ постојан развој на академскиот кадар.

Во табелата бр. 10 наведена подолу на детален начин се прикажани јаките страни и можносите, како и слабостите и заканите на Факултетот за бизнис-администрација. Врз основа на прикажаните резултати ќе се настојува да се зачуваат јаките страни и предностите на Факултетот и ќе се преземаат соодветни мерки за надминување на слабостите и заканите, во насока на зголемување на нивото на квалитетот на наставно-образовната и нучноистражувачка дејност на Факултетот.

Табела 10. SWOT анализа во рамките на Факултетот за бизнис-администрација

| **ЈАКИ СТРАНИ** | **МОЖНОСТИ** |
|---|---|
| ✓ Расположливи веродостојни статискики;<br>✓ Јасни процедури за заверка на семестрите;<br>✓ Постојан развој на стурктурите на факултетот;<br>✓ Промена на студиските програми во согласност со промените во светските трендови;<br>✓ Соодветна инфраструктура и позитивна и кооперативна клима;<br>✓ Квалитетни академски програми и квалитетни студентски услуги;<br>✓ Сигурност, убедливост и јасност на наставниците во текот на предавањата;<br>✓ Постојан развој на академскиот кадар. | ✓ Поврзување на академскиот свет со бизнисот;<br>✓ Можност за мобилност на кадарот и студентите;<br>✓ Можност за поврзување на теоријата со пракса;<br>✓ Соработки;<br>✓ Меморандуми. |
| **СЛАБОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| ✓ Финансирање;<br>✓ Недоволен број на академскиот кадар;<br>✓ Информатичка технологија. | ✓ Понудата на квоти не секогаш соодвестува со побарувачката;<br>✓ Честа промена на законите и стратегиите за вработување;<br>✓ Нелојална конкуренција, која функционира без имплементација на стандардите базирани на Законот за високо образование. |



Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

# 10. ЗАКЛУЧОК

Спроведувањето на процесот на самоевалуација на Факултетот за бизнис-администрација претставува важно прашање кое опфаќа два главни сегмента: имплементација на одредбите од Законот за високо образование на Република Северна Македонија кои налагаат негово спроведување, како и добивањето на една сеопфатна слика за реалната состојба каде што се развива наставно-научниот процес.

Прикажаните податоци се од големо значење и тие во континуитет ќе служат како водич за нашата дејност, за утврдување на развојните политики на Факултетот за бизнис-администрација, во насока на постигнување на конкретни резултати во областа на образованието и науката, како и преземање на конкретни чекори за подобрување на квалитетот на наставата иадминистративната работа на Факултетот.

При подготовката на извештајот наидовме на континуирана соработка и поддршка од менаџментот, професорите и администрацијата на Факултетот за бизнис-администрација, што ја одразува кооперативната клима и академското ниво на комуникација на сите структури на Факултетот.



Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk

## Комисија за самоевалуација на Факултетот за бизнис-администрација

Доц. д-р Локман Хебиби - претседател

Проф. д-р Насер Раими - член

Проф. д-р Нехат Рамадани - член

Проф. д-р Канд. Арменд Аслани - член

Анди Беќири - студент

Сара Османи - студент


Fakulteti i Administrimit të Biznesit-Факултет за бизнис администрација-Faculty of Business Administration
Str. Ilinden nn. 1200 Tetova, Republic of North Macedonia
www.unite.edu.mk – e-mail: ba@unite.edu.mk